ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 51 ДАТА 30.12.2015 ГОДИНА 33

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

МАКФУДБАЛ

БРОЈ 51 ДАТА 30.12.2015 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД МЛАДИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница од 29.12.2015 година**

- **Поништување на исписница:**

Фудбалскиот клуб „Скопје„ од Скопје ја поништува исписницата од 21. Септември 2015 година издадена на фудбалерот Ефремовски Б. Емил, поради истечена важност на исписницата и поради издавање на нова исписница од клубот.

- **Поништување на брисовница:**

Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје ја поништува издадената брисовница број 0206-370 од 22. Септември 2015 година на фудбалерот Ефремовски Б. Емил поради истечена важност на брисовницата и поради издавање но нова брисовница од Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје.

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз „Гази Баба„ од Скопје фудбалерот Ефремовски Б. Емил од ФК „Скопје„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 29.12.2015 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ТИКВЕШ 2014„ Кавадарци: Митрев Х. Горазд, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Седница од 28.12.2015 година**

- **Раскин на професонален договор:**

Фудбалскиот клуб „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерите: Александар Ц. Багашовски и Ѓурчиновски Г. Никола ги раскинаа договорите за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Кратово фудбалерите: Александар Ц. Багашовски и Ѓурчиновски Г. Никола од Фудбалскиот клуб „Силекс АД„ од Кратово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 0802-1960/1/8

Втора Кадетска лига: 2015 - 2016

Скопје: 25.11.2015 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 35 од Пропозиции за млади категории, Младинска комисија на ден 25.11.2015 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК САРАЈ - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 20.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата,а играчот Имери Зирап се предава на Дисциплинска комисија.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ

## Образложение

Младинска комисија врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 11 коло на Втора Кадетска лига 15/16 помеѓу, ФК БРЕГАЛНИЦА 2008 АД - ФК САРАЈ, ја констатира следната фактичка состојба:Имери Зирап со ИД број 120857, исклучен од игра за два жолти картони (прв во 59. мин, Недозволен старт, а вториот во 83. мин, Недозволен старт).

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК САРАЈ - Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Младинска комисија
Претседател
Ајетали Дервиши с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 0802-1960/1/8

Скопје: 25.11.2015 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Имери Зирап играч на ФК САРАЈ - Скопје врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 25.11.2015 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Имери Зирап со ИД 120857 играч на ФК САРАЈ - Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 22.11.2015 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 11 коло на Втора Кадетска лига 15/16 помеѓу: ФК БРЕГАЛНИЦА 2008 АД - ФК САРАЈ одигран на ден 21.11.2015 Година на стадионот во Штип ја констатира следната фактичка состојба: Исклучен од игра за два жолти картони (прв во 59. мин, Недозволен старт, а вториот во 83. мин, Недозволен старт).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- ФК САРАЈ - Скопје
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Дисциплинската комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 18-1907/1
04.12. 2015 год.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број**
**Скопје, 02 декември 2015 година**

**Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 3, 5, 8, 9, 10, 11, 25, 29, 35, 36, 44, 55, 123, 125, 130, 138 и 139 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија, записникот и материјалите доставени во постапка од првенствениот натпревар од 2 коло од првата футсал лига во организацијана Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2015/2016 година Велес:Ројал Илирет согласно член 58 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 02 декември 2015 година донесе:**

# О Д Л У К А

**1.КМФ РОЈАЛ ИЛИРЕТ ОД КУМАНОВО ЧЛЕН НА ПРВАТА ЛИГА ВО МАЛ ФУДБАЛ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2015/2016 ГОДИНА СЕ САНКЦИОНИРА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ОПОМЕНА.**

**2.КМФ РОЈАЛ ИЛИРЕТ ОД КУМАНОВО СЕ САНКЦИОНИРА И СО ПАРИЧНА КАЗНА ОД 250 (ДВЕСТА И ПЕДСЕТ) ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВРЕДНОСТ.**

**3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".**

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија констатира:**

**-Од увидот во записникот и материјалите доставени во постапката по однос првенствениот натпревар од 2 коло од првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2015/2016 година ВЕЛЕС:РОЈАЛ ИЛИРЕТ на ден 27.09.2015 година во ВЕЛЕС спортска сала "ГЕМИЏИИ" комисијата неспорно утврди:**

**1.На ден 27 сепетмври 2015 година во спортската сала Гемиџии во Велес според календарот бил закажан да се одигра првенствениот натпревар од 2 коло од првата лига во мал фудбал во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2015/2016 година Велес:Ројал Илирет.**

**2.КМФ Велес согласно пропозициите за ова натпреварување ги превзел потребните мерки: отворена спортската сала "Гемиџии" во Велес каде натпреварите екипата на**

КМФ Велес како домакин ги игра, пречекан бил делегатот на натпреварот Гроздановски Златко од Битола, пречекани биле судиите за овај натпревар Иванов Сашо и Ѓоргиев Крунисав од Штип, присутен бил лекарот Никола Нацев, присутен бил претставникот на КМФ Велес Минов Ѓоко, присутни биле и заведени во записникот од натпреварот (прва страна) фудбалерите и стручниот штаб на КМФ Велес, присутен бил комесарот за безбедност на КМФ Велес Ќурчиев Панче, присутен бил комет администратор на КМФ Велес Ристовски Зоран, присутна била полиција со службено возило, присутна била кола за брза помош.

3.Во закажаното време не се појавила екипата на КМФ Ројал Илирет од Куманово да во 14,50 часот на телефон на делегатот Гроздановски Златко му се јавил претставникот на КМФ Ројал Илирет Фитор Јакупи известувајки дека екипата нема да допатува бидејки кај Катланово нивното превозно средство се расипало.

По ваквото известување и поминатото време за чекање делегатот соопштил дека овај натпревар нема да се одигра поради не доваѓање на екипата на Ројал Илирет.

При донесувањето на оваа дисциплинска мерка комисијата го имаше во предвид фактот дека овај нат-превар е регфистриран со службен резултат 3:0 за КМФ Велес како и фактот дека ова натпреварување сеуште е во фаза на дооформување како и фактот дека ваков испад кај оваа екипа е прв пат.

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија дисциплинската комисија донесе едногласна одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа Одлука има право да поднесе жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите од член 141 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија со уплата на пропишана такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака такса за жалба.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:

1.КМФ "Ројал Илирет" Куманово

2.Архивата на ФФМ

3.Макфудбал

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ

Претседател

Блерим Бесими с.р.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**